

# Сидовите на „Концепт 37“ празни, кутиите за донации полни

      

*Дневен весник (Ед. бр. 23828)*
**КУЛТУРА**
11.08.2016 13:00
740



Весна Дамчевска
vesna.d@novamakedonija.com.mk
Повеќе од овој автор

**Од првично пријавените околу 30, до почетокот на отворањето се собраа дела на стотина уметници и двојно повеќе дела, а купувачите, главно од културните кругови на градот, дадоа несебична поддршка на акцијата, така што до затворањето на изложбата, ѕидовите на „Концепт 37“, кои беа премали за да се изложат сите пристигнати дела, останаа речиси празни**

Околу 3.000 евра помош за настраданите, беа собрани за само четири часа на завчерашната хуманитарна изложба во „Концепт 37“, иницирана спонтано на социјалните мрежи, а организирана за неполни два дена. Од првично пријавените околу 30, до почетокот на отворањето се собраа дела на стотина уметници и двојно повеќе дела, а купувачите, главно од културните кругови на градот, дадоа несебична поддршка на акцијата, така што до затворањето на изложбата, ѕидовите на „Концепт 37“, кои беа премали за да се изложат сте пристигнати дела, останаа речиси празни.

Иницијативата настана спонтано, откако уметникот Владимир Лукаш на Фејсбук ги повика своите колеги да

донесат свое дело, а собраните средства да бидат донирани на семејствата што настрадаа во невремето.

Акцијата продолжи и вчера, а уметниците сè уште може да донираат свои дела (слики, графики и скулптури, но и рачно изработен накит, керамика, маички, книги, винилни плочи, филмови на ДВД).

Од политичките и бизнис-круговите не се појави ниту еден купувач, освен амбасадорот на САД, Џес Бејли, кој избра графика од авторката Ивана Настески.

- Ова е момент на солидарност и страст. Се надевам ќе се соберат пари за луѓето на кои им се потребни. Има многу вакви иницијативи во градов и тоа е она што е неопходно - рече Бејли.

Цените на најголем дел од уметничките експонати беа под нивната вистинска вредност за акцијата да биде што поефикасна и поуспешна.

За тоа како ќе бидат донирани парите, Маја Чанкуловска-Михајловска, вклучена во организација на изложбата, вели дека ќе следат како се одвиваат работите и дека се во контакт со групите што собираат директна помош до настраданите.
- Луѓето се навистина многу скептични кон институционалното дејствување. Најмногу сме расположени донацијата да ја предадеме директно до настраданите, од врата до врата на луѓето на кои им е најпотребна, пред сè, за да се избегнат приказните за профитерство и препродавање производи, давање помош повеќепати на исти лица и слично. Оваа помош треба да стигне таму каде што е најпотребна - вели Чанкуловска-Михајловска.

Група уметници во неделата, ден по големото невреме, спонтано се организираа на социјалните мрежи за да помогнат во санирање на штетите од поплавите и да дадат поддршка на семејствата што најмногу настрадаа во саботната катастрофа. Од оваа иницијатива на уметникот Владимир Лукаш произлезе хуманитарна изложба на која средствата од продадените дела (цртежи, слики...) ќе бидат донирани онаму каде што е најпотребно. Освен ликовниот дел, ќе има и изложба на рачно изработен накит.

Меѓу уметниците што учествуваа на хуманитарната изложба за жртвите од саботното невреме се: Маја Стефановска, Дијана Томиќ-Радевска, Дороти Пачкова, Јана Јакимовска, Ивана Настески, Дафина Џепароска, Симонида Филипова-Китановска, Дијана Томиќ, Биљана Бинчев, Ненад Тонкин, Ване Костуранов, Љубиша Камењаров, Тони Димитров, Урош Вељковиќ, Никола Пијанманов, Ѓорѓе Јовановиќ, Иван Шопов, Жани Галевска, Касиопеја Наумоска, Атанас Ботев и многу др.


t f 🐦 S +

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ

концепт 37 | хуманитарна | изложба | донација | фејсбук

КОМЕНТАРИ

Име:

Е-пошта:

Наслов на коментарот:

Објави анонимно

(Кога ќе биде објавен коментарот, нема да биде прикажано името)

Остави коментар

Внеси коментар

ПОВЕЌЕ ОД РУБРИКА

По реставрацијата во Италија, скулптурите од Палмира се враќаат